Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр. 0302-763/1
22.09. 2023 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup
Примено / E Pranuar 22-09-2023
Организациона единица / Njësia organizative | Број / Numër | Прилог / Shtojce | Вредност / Vlerë
[redacted]

До: Министерство за финансии
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## за пристап до информации од јавен карактер

Од: Центар за граѓански комуникации, Скопје, ул. Булевар Кочо Рацин бр. 26/1-2 Скопје, тел.02 3 213 513, e-mail center@ccc.org.mk.

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Герман Филков, ул. Булевар Кочо Рацин бр. 26/1-2 Скопје, тел. 02 3 213 513, e-mail center@ccc.org.mk.

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. Колку лица во институцијата вршат работи од областа на јавните набавки?
2. Колку од лицата коишто ги вршат јавните набавки имаат важечка потврда за положен испит за јавни набавки?
3. Дали членовите на Комисијата за јавни набавки се менуваат за секоја набавка или се истите за сите набавки?
4. Ве молиме, доставете ни ја одлуката за јавна набавка за постапката број: 21826/2021
5. Дали имате внатрешни правила врз чија основа ја пресметувате проценетата вредност на набавките (ако имате, ве молиме, доставете ни копија од документот)?
6. Дали имате дефинирани внатрешни правила за изработка на техничките спецификации за јавните набавки (ако имате, ве молиме, доставете ни копија од тие правила)?
7. Дали имате систем за следење на реализација на планот за јавни набавки (ако имате, ве молиме, објаснете каков е тој систем)?
8. Дали имате систем за следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки ако имате, ве молиме, објаснете каков е тој систем)?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје
Датум: 22.09.2023 година

Потпис:
______________________
Герман Филков

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

Republic of North Macedonia
Ministry of Finance

– Сектор за правни работи –

Архивски број:[redacted]
Датум: 03 -10- 2023

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации - Министерство за финансии го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. СЕ ОДОБРУВА барањето за пристап до информација од јавен карактер број [redacted] од [redacted] година поднесено од страна на барателот Центар за граѓански комуникации, преку застапник/полномошник на барателот на информацијата Герман Филков на Министерството за финансии.

2. Податоците кои ќе му бидат доставени на барателот се во прилог на ова Решение и се составен дел од истото.

## Образложение

На ден 22.09.2023 година барателот Центар за граѓански комуникации, преку застапник/полномошник на барателот на информацијата Герман Филков до Министерството за финансии поднесе барање за пристап до информација од јавен карактер, со кое се побара пристап до информацијата „1. Колку лица во институцијата вршат работи од областа на јавните набавки?

2.Колку од лицата коишто ги вршат јавните набавки имаат важечка потврда за положен испит за јавните набавки?

3. Дали членовите на Комисијата за јавни набавки се менуваат за секоја набавка или се истите за сите набавки?

4. Ве молиме доставете ни ја одлуката за јавна набавка за постапката бр.[redacted]

5. Дали имате внатрешни правила врз чија основа ја пресметувате проценетата вредност на набавките (ако имате, ве молиме, доставете ни ја копија од дикументот?

6. Дали имате дефинирани внатрешни правила за изработка на техничките спецификации за јавните набавки (ако имате, доставете ни копија од тие правила) ?

7. Дали имате систем за следење на реализација на планот за јавни набавки (ако имате, ве молиме, објаснете каков е тој систем?

8. Дали имате систем за следење на реализација на склучените договори за јавни набавки ако имате, ве молиме објаснете каков е тој систем?".

Министерството за финансии како имател на информации го разгледа барањето, при што утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер предвидени во член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Република Северна Македонија | Republic of North Macedonia

**Министерство за финансии | Ministry of Finance**

– Сектор за правни работи –

Во врска со Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, во прилог ви ја доставуваме бараната информација за следните точки наведени во барањето:

1. Во Министерството за финансии е формирана организациона единица и во моментот се вработени 6 лица – (Одделение за набавки);
2. Сите лица кои вршат работи од областа на јавните набавки поседуваат важечки потврди за положен испит за јавни набавки.
3. Да (Членовите на Комисиите се менуваат во зависност од предметот на јавната набавка);
4. Во прилог е одлуката за јавна набавка.
5. Проценетата вредност на набавките се определува од страна на Секторот по чие барање се спроведува јавната набавка;
6. Технички спецификации се изработуваат согласно со Законот за јавните набавки;
7. За следење на реализацијата на планот на јавни набавки се врши континуирана евиденција на набавките предвидени во Годишниот план за јавните набавки во електронска форма;
8. Во Министерството за финансии следењето на реализацијата на склучените договори за јавни набавки е во надлежност на Одделение за општи работи и реализација, Сектор за општи работи, а во согласност со Процедурата за следење на реализацијата на договорите за јавни набавки [redacted] Издание 4 заведена под број [redacted] од [redacted] година во која детално е опишан начинот на постапување на државните службеници при следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки.

Имајќи го во вид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Помошник раководител на Сектор
Елизабета Калачоска

Доставено до:
Центар за граѓански комуникации
бул.„Кочо Рацин“бр.26/1-2
1000 Скопје

[redacted]

Проверил:
[redacted]